Училишна зона

# НАРОДНА ТЕХНИКА – ЦЕНТАР НА ВЉУБЕНИЦИТЕ ВО ТЕХНИЧКОТО ТВОРЕШТВО

**Во мај 2009 се навршуваат 50 г. од првите смотри на млади техничари и природници чиј организатор е *Народна техника на Македонија*. Ги посетивме во еден од нивните термини по моделарство и поразговаравме за нивната работа и следни проекти.**

Мартин е еден од членовите на групата по електроника. Изработува електронски склопови кои понекогаш ги користи за засилувачи на сирени, трепкачи со лет–диоди, печати плочки со киселина... „За да го работите ова", вели Мартин, „треба да имате љубов кон електрониката, да се има извесно предзнаење за тоа која компонента за што служи и да се читаат нејзините вредности." Новините од областа на електрониката ги дознава од списанието *Емитер*, а знаењата ги надградува со користење прирачна литература, интернет и со помош на својот инструктор. Мартин, со изработката на повеќефункционален тајмер, минатата година го освои првото место на градско и второто место на државно ниво.

Стефан и Мирослав од групата бродомоделарство изработуваат бродови од специјално дрво наречено балза. Тие се редовни учесници на годишните градски и државни натпревари на кои се оценува изработката на бродот, се објаснуваат неговите составни делови и се проверува неговата прецизност. Стандардите за учество на натпревар се брод со големина од 1 м максимум кој се придвижува на електромоторче со максимална јачина од 3 волти.



Марела и Гералдино од групата градежништво изработуваат модели на куќи од балза и ги совладуваат техниките на градба со посебен акцент на прецизната изработка на споевите. Моделите на куќи кои тие ги изработуваат најчесто им ги задаваат инструкторите од Народна техника, а некои ги избираат сами.



Марела и Гералдино годинава првпат ќе се натпреваруваат во техничките смотри кои ќе се одржат кон средината на мај.

Мартин и Никола се занимаваат со воздухопловно моделарство. За изработка на еден модел на авион, ни открија тие, потребни им се балза, скалпел, украсна хартија, ножици и лепило. Сѐ уште не учествувале на натпревари, бидејќи се мали и велат дека иако се потешки за изработка, бродовите им се поголем предизвик од авионите.



## Народна техника

***Народна техника* е невладина организација која неколку децении го поттикнува ширењето на техничката култура на младите која е во функција на воспитно-образовната, производно-економската и одбранбената активност. Некои од нејзините цели се унапредување на иновативната дејност, подигање на нивото на комуникација меѓу новите технологии, стимулирање на развојот на креативните способности на младите и развој на центри за научно творештво.**



## Јубилеј - 50 г. технички смотри

Техничките смотри оваа година ќе се одржат на 16 мај и се јубилејни, 50. по ред. На традиционалните смотри на млади техничари и природници се застапени 21 област од природните и техничките науки, меѓу кои: астрономија, екологија, конструкторство, копјутерска и фототехника итн. Учениците од училиштата кои гравитираат кон *Народна техника* во текот на целата учебна година ги изучуваат техниките на моделарство за да бидат подготвени за годишните натпревари. Во изработката на моделите за натпревар на овие ученици им помагаше висококвалификуваниот инструкторски тим на *Народна техника*.



## АКЦИЈА
## ФОТО-КОНКУРС

***Наш свет* и *Народна техника* организираат ФОТО-КОНКУРС (конкурс за најдобра фотографија на слободна тема).**

**Право на учество имаат сите ученици од основните училишта во РМ. Секој учесник има право да конкурира со максимум 5 фотографии (црно-бели или колор) со резолуција не помала од 250 dpi. Вашите фотографии испраќајте ги на и-мејл адресата:**
**tehnika.narodna@gmail.com**

**Пораката мора да ги содржи следниве податоци: наслов на фотографијата, име и презиме, одделение, училиште и телефонски број за контакт.**

**Фотографиите ќе ги оценува трочлено жири од *Сојузот на здруженијата за техничка култура на РМ - Народна техника и Фото-сојузот на Македонија*. Најдобрите поединечни и колекции од фотографии ќе бидат наградени.**

Т. Д.